**Година 2003, јуни, број 19**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

## БИЛАНСИ, ИСПИТИ, УПИС, ОДМОР...

Наставниот дел од учебната 2002/03 година е зад нас. До почетокот на новата учебна година не очекуваат испити, упис на нови студенти, летниот одмор, работите кои не сме ги завршиле, новите иницијативи и слично.

Сепак, една од најважните работи кои се од итна природа е да погледаме зад себе и да провериме колку бевме ефикасни заедно со нашите студенти. Таквиот биланс го прави комисијата за следење на успехот на студентите, а со него е нужно да се позабавиме и сите: секој поединечно, менторите, катедрите, институтите, управата, деканот и продеканите и ННС. Од таа активност мора да се извлечат потребните оценки, но и искуства кои ќе ни помогнат наредната учебна година да бидеме поефикасни.

## ПРВ УПИСЕН РОК

На Машинскиот факултет во Скопје во првиот уписен рок се пријавија 120 кандидати. Испитот по првиот предмет го положија сите кандидати (само еден не се јави на полагањето). Вториот приемен испит го полагаат на ден 04.07.2003, петок.

## ПРОМЕНА НА ИМЕ НА НАСОКА

Ректорската управа на универзитетот ја прифати одлуката на ННС на МФС за промена на име на насока. Имено, насоката Индустриско Инженерство ќе се преименува во Индустриско Инженерство и Менаџмент. Измената ќе се применува од учебната 2003/04 година.

## ЕЛАБОРАТИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

На 80-тата седница на Ректорската управа одржана на 10 јуни 2003 година донесена е одлука за давање согласност на Проектот за студиски и предметни програми за стекнување стручно образование во траење од 5 семестри на Машискиот факултет.

## ГОДИШНИ ОДМОРИ

Периодот на колективниот годишен одмор е од 21.07.2003 до втората половина на месец август.

Во текот на овој период факултетот ќе функционира со соодветни дежурни лица во деканатот, сметководството, студентската служба, дактило бирото и другите технички служби.

Во Сметачкиот Центар е ангажиран Жарко Васиљевиќ, апсолвент од Електротехнички факултет со солидно компјутерско искуство кој од 15 јуни веќе е во Сметачкиот Цента и паралелено ги заменува отсуствата на вработените стручни соработници. Сите вработени за било која потреба во врска со работата на Сметачкиот Центар може да му се обратат лично или на локал 275.

## Н О В И   К Н И Г И

Од печат излезе новата книга на проф. д-р Тодор Давчев, "Современи системи кај моторите и моторните возила".

## ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ И МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

1. На 17.06.2003 година, асс. м-р ***Димитри Козинаков***, успешно ја одбрани својата докторската дисертација под наслов: "*Стабилитетни проблеми кај алуминиумските решеткасти носечки конструкции - корелација помеѓу теоретските пресметки, лабараториските испитувања на елементите и испитувањата на реален модел*".

2. На 26.06.2003 година, дипл.маш.инж. ***Тони Србиноски,*** успешно ја одбрани својата магистерска работа под наслов: *"Оптимализација на конструкција на коленасти вратила кај Мотори СВС од аспект на вибрации на моторот"*.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## О Т С У С Т В А

---

1. Проф. д-р Миколај Кузиновски, реализира студиски престој на Техничкиот универзитет во Софија, Р. Бугарија Престојот се реализира на 25 и 26.06.2003 година

2. Вон. проф. д-р Атанаско Тунески и стр. сораб. Дарко Бабунски, реализираа службено патување во Инстанбул, Турција заради учество на Меѓународната конференција од обласа на управувачките системи. Патувањето е реализирано од 25.06 до 29.06.2003 год.

3. Проф. д-р Драги Данев и проф. д-р Милан Ќосевски оствариja службено патување во Швајцарија и Германија со цел нивно учество на состанокот на Светскиот форум за хармонизација на прописите од обласа на моторните возила (ЊП.29) при О Н - Женева, Швајцарија и посета на ТУФ во Минхен, Германија. Престојот е реализиран од 22 до 29.06.2003 година

4. Проф. д-р Илија Петровски, оствари службено патување во Варна,Р.Бугарија заради учество на Меѓународниот научен собир Енергетски форум 2003. Патувањето се реализира од 11 до 16.06.2003 година

5. Проф. д-р Тодор Давчев, оствари посета на Центарот за обука на кадри од авто-струката при занаетчиската комора на Кобленц, Германија. Патувањето се реализира од 7.06 до 12.06.2003 година.

6. Проф. д-р Делчо Јованоски, реализира службено патување во Берлин, Германија заради продолжување на разговорите на Темпус проектот. Престојот се реализира од 10 до 17.06.2003 година.

7. Стручниот соработник Борис Рошков, реализација на ТЕМПУС мобилити грант во Шкотска.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**25. 09. 2003**
**32 СЕДНИЦА НА ННС**

**ВТОР УПИСЕН РОК**

**Пријавување:**
01-02.09.2003

**Приемни испити:**
Математика
05.09.2003
Физика или Техничка механика и јакост
09.09.2003

**СЕПТЕМВРИСКА СЕСИЈА**
**01. 09 до 26. 09**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**


### Техничко уредување:
*Тони Манцуковски*
*Жарко Васиљевиќ*